РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-920/1
30-04-2024 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
DHOMA E PËRMBARUESVE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02-273/1
30.04. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА
# ПОМЕЃУ
# СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*Склучен на ден 30.04.2024 година, помеѓу*

1. Судскиот совет на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: „Советот“), Скопје, претставувано и застапувано од Претседателката, Весна Дамева и

2. Комора на извршители на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: „КИРСМ“) од Скопје, претставувано и застапувано од Претседателката Весна Деловска.

Водени од потребата за меѓусебна соработка заради ефикасно спроведување на своите надлежности утврдени со закон и со статут;

Подготвени за ефикасна соработка која ќе придонесе за размена на искуства;

Потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на образовната, научно-истражувачката и апликативно-стручната дејност;

Согласно позитивното законодавство на Република Северна Македонија, Советот и КИРСМ, се согласија за следното:

## Предмет

### Член 1

(1) Со овој Меморандум за соработка (во понатамошниот текст: „Меморандум“) се уредува соработката помеѓу Советот и КИРСМ во врска со размена на знаења, искуства, едукација и усовршување на кадри од областите во кои двете страни имаат кадровски и други потенцијали и интереси.

(2) Соработката од став (1) на овој член се остварува врз основа на актите на КИРСМ и на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, како и другите законски или подзаконски акти на Република Северна Македонија.

## Видови на соработка

### Член 2

(1) КИРСМ и Советот соработуваат на полето на едукација, обука, придонес во објавување на стручни и научни трудови, давање на експертска помош при изработка на одредени проекти, анализи, предлози, како и други форми на размена на знаење и искуство во насока на истражување и развој од заеднички интерес;

(2) КИРСМ и Советот соработуваат во изработка на заеднички истражувачки и апликативни проекти и даваат меѓусебна поддршка во организација на семинари, научни собири, тркалезни маси и друг вид на настани од заеднички интерес;

(3) КИРСМ секогаш е отворена за соработка, давање на стручни мислења и пружање стручни консултации во врска со работи од надлежност на Советот;

(4) Советот е согласен неговите кадри на покана од КИРСМ да држат обуки и да учествуваат на стручни собири, советувања, семинари, работилници, средби, предавања и други облици и форми на заедничка работа и едукации организирани од страна на КИРСМ, во насока на соработка и реализацијата на заедничките цели.

**Начин на реализирање на соработката**

**Член 3**

Соработката од член 2 на овој Меморандум, ќе се остварува врз основа на поединечно доставени барања за секој одделен вид на соработка, при што ќе се утврдат условите за начинот на реализација на конкретната соработка.

**Завршни одредби**

**Член 4**

(1) Овој Меморандум стапува во сила со денот на неговото потпишување.

(2) Измените и дополнувањата на овој Меморандум се вршат на истиот начин како и неговото донесување.

(3) Споровите настанати во текот на спроведувањето на овој Меморандум, ќе се решаваат спогодбено помеѓу страните потписници на истиот.

(4) Меморандумот за соработка е составен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои 2 (два) примерока за КИРСМ и 2 (два) примерока за Советот .

Судски совет
на Република Северна Македонија

Претседателка,

Весна Дамева

---

Комора на извршители
на Република Северна Македонија

Претседател,

Весна Деловска

---